# ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ПАРТИЦИПАТИВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Флорина Шеху**
*Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“ Скопје, Република Македонија, florinashehuloli@yahoo.com*

*УДК: 373.3.035-057.874*
*373.3.064.2*

**Апстракт**

Реформските промени во основното образование опфаќаат подрачја кои се значајни од воспитен, образовен, општествен и социјален аспект.

Посебно е значајно ревидирањето на местото на учениците во основното образование, со што константно се иницираат одредени промени во однос на подобрување на квалитетот на нивната улога и учество во воспитанието и образованието и градењето на нивната личност.

Партиципативноста на учениците во основното образование е прашање кое е мултифакторијално детерминирано и опфаќа одредени аспекти од законска, педагошка и социјална природа.

Успешното функционирање на факторите и аспектите по однос на наведеното прашање е базирано на современите гледишта и сфаќања на мисијата на основното образование.

Суштината и потребата од партиципација на учениците во основното образование се препознава во развој и почитување на индивидуалните потенцијали, потребите на ученикот, како и промоција на толерантност, почитување на различности, индивидуална, семејна и граѓанска одговорност, со што се придонесува за развој на демократијата и на граѓанското општество.

Партиципативноста на учениците претставува и можност за поквалитетно остварување на инклузивноста во основното образование како и развој на културата за живеење и свеста за доживотното учење.

**Клучни зборови:** *партиципација на учениците, основно образование, партнерство, вредности, вештини.*

## Основното образование и партиципативноста на учениците

Прашањето за партиципативност на ученици, воопшто во воспитно-образовниот систем, се третира од аспект на: *учество, соработка и партнерство*. Причините за тоа делумно се засновуваат врз основа на самото дефинирање на поимот партиципативност како и врз активниот однос на релевантните чинители кон заживување на истото во училишната практика. Поточно партиципативноста се смета за суштинска за човековото достоинство, која им помага на поединците за да ги остваруваат своите човекови права (УНЕСКО, 2004), подразбирајќи чин на учество во активност без разлика дали се однесува на учество на поединецот како дел од група, во група, како соработник или како партнер, со единствена намера да се постигне одредена цел.

Кога зборуваме за основното образование значајно е да се наведат мислењата на разни автори кои сметаат дека поради задолжителноста на основното

образование, често пати на партиципативноста на учениците се гледа како на нешто однапред определено од возрасните не само поради возраста на учениците туку поради определените аспекти на нивната партиципативност како што е работата во училницата, ученичките заедници, проекти и слично. Во ваквиот пристап се губи целовитоста и намената на самата партиципација од страна на учениците, всушност на нив не треба да гледаме како на човечки суштества кои треба да ги подготвиме единствено за утре, ниту за тоа какви треба да станат, туку и за тоа што се денес (Qvortrup, 1991).

На партиципативноста на учениците во основното образование треба да се пристапи како на трансформирачка акција, чин преку кој се зајакнува потребата на секој ученик да учествува како „овде и сега“ така и во иднина (Hickey & Mohan, 2004), а не само „за во иднина“ како позитивен член на општествената заедница. Во тој контекст се смета дека постои суштинска разлика помеѓу вистинската и симболичката партиципативност, потенцирајќи дека при вистинска партиципативност на учениците имаме воочлива промена во практиката, додека пак при симболичка добиваме само формална партиципативност која не ги вклучува и тие ученици кои не се сметаат за подобри, посебни, поуспешни и слично или пак кои се „надвор“ од училишната внатрешна организираност.

Во основното образование партиципативноста на учениците најчесто се воочува и се мери во однос на процесот на учење, во однос на работата во училницата и учеството во разните ученички организации, здружувања итн. Во ниво на самото училиште како однатре така и однадвор стекнуваме одредени сознанија за партиципативноста на учениците во процесот на нивното учење и тоа преку самата настава, вонннаставни активности и други форми на ученички права и обврски. Но во однос на работата во училницата, партиципативноста на учениците се мери според следните аспекти: *активност, чувства и контекст* (Eriksson & Granlund, 2004), додека пак во однос на разните ученички организации, здружувања итн., истата се мери според законската рамка предвидена за тоа, потоа според курикулумската поставеност, според „чувствителноста и разбирањето“ на училишниот одбор, родителскиот совет, итн.

Постојат одредени обиди за одредување на видови на партиципативност (Gillander-Gödin & Weiner & Ahlgren, 2009) кои се најчесто застапени во основното образование и тоа: *консултативна* (учениците просто се прашуваат што мислат за одлуки претходно донесени и преземени од наставникот или директорот и сл.); *како средство* (учениците се поканети да учествуваат во процесот со намера да постигнат специфична цел одлучена од авторитети); *суштинска* (учениците се поканети да бидат активни во приоритизирање на промени и дефинирање на проблеми исто како и во менување на процесот) и *структурна* (учениците преземаат иницијатива за тоа која промена треба да се воведе и имаат контрола врз целиот процес). Често пати практикувањето на одреден вид партиципативност на учениците се оправдува и зависи од: возраста на учениците; очекувањата на наставниците и другите лица; училишната клима; местото во курикулумот; самото практикување и слично.

Значењето на партиципативноста од аспект на ученикот се одразува во следните аспекти и тоа дека истата:

- претставува воспоставување и градење на *односи* („пренесување на вредности“, чувства, мисли, итн.);

- создава *чувство на припадност* (идентитет, чувство на сигурност, итн.);
- отвора *можност за дискусија, дијалог* (доверба, поттик за размислување, разменување, итн.);
- поддржува *договори, аранжмани, компактност* (познати очекувања, предвидлива средина/сигурност преку веќепоставените очекувања, обезбедување на авторитет, итн.);
- придонесува кон *зајакнување* (донесување на одлуки онаму каде што тоа е соодветно, итн.);
- ја зголемува *мотивацијата* (за поголеми академски постигнувања, помагање, споделување, итн.);
- развива *модели на култура* (градење, запознавање со специфични културни шеми и навики, итн.).

Според низа автори, партиципативноста во поглед на самиот ученик е можност за истиот да биде „слушнат" и „видлив, воочлив" како личност од другите, притоа учејќи се за донесување на одлуки, градење на дијалог со други, изнаоѓање на решенија, па дури и нудење на компромиси, преземање на одредени чекори, активности, но и одговорности за истото. Наведените и другите аспекти на практикување на партиципативноста од страна на ученикот во секојдневниот училиштен живот, означуваат патишта за развивање на вредности, вредности значајни за живот како во сегашноста на ученикот така и за во иднина.

Партиципативноста на учениците разгледана од призмата на курикулумот означува поврзаност на индивидуалните потреби и можности со остварувањето на поставените цели, дури и повеќе од тоа. Во ова насока учењето и остварувањето на квалитетна настава претставуваат водилки при одредување на нивото и вредноста на самата ученичка партиципативност. Но дали курикулумот сосе вонкурикулумските активности може да претставува доволен поттик за развој на вистинска ученичка партиципативност. Сигурно не. Не се доволни и единствени поставените наставни предмети било задолжителни, било изборни или факултативни, колку што е потребно практикувањето на истите. Се случува токму вонкурикуларните активности кои применуваат соодветни стратегии, пристапи, да влијаат врз развојот на потребните вредности, вештини кои пак придонесуваат за вистинска партиципативност на учениците од основнообразовна возраст.

Преку практикувањето на партиципативноста од страна на ученикот како поединец, но и како дел од една ученичка заедница, се овозможува и развој на важни животни вештини токму во основнообразовната возраст како што се:

- развој на демократијата и демократичноста;
- развој на концептот за граѓанско општество;
- развој на инклузивноста;
- развој на активно партнерство;
- развој на мултикултуралноста, итн.

Развојот на наведените животни вештини придонесуваат за создавање на кохезивна заедница која се води од начелата на човекови права, толеранција, разрешување на конфликти, развивање на заеднички точки на интереси и цели.

Во поглед на партиципативноста на учениците при разгледување на досегашните реформи преточени во одредени документи од значајност за

регулирање и осовременување на основното образование како: Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015; Концепција за деветгодишно воспитание и образование; Закон за основно образование и други подзаконски акти, правилници, итн.; Наставен план и програми за деветгодишно основно образование. Според реформски измени во наведените документи партиципативноста на учениците во основното образование главно се третира од педагошки, социјален и општествен аспект, опфаќајќи поширок спектар на фактори, елементи и контекстни рамки. Имено, во Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015, посебно е поставено како цел „охрабрувањето на социјалната инклузија и партиципација" (Национална програма, стр.111) како очекување од промоција на ефективно основно училиште, но партиципативноста посебно е акцентирана во делот што се однесува на посебните принципи за партиципација, каде што меѓу другото се наведува дека истата во ефективното основно училиште „...ги охрабрува учениците за кооперација во училишните активности и активен однос во животот на локалната заедница", како и „...остварува блиски врски со: семејствата, локалната заедница и невладините организации кои се занимаваат со образовни прашања" (Национална програма, стр.112).

Во контекст на Наставниот план и програми за деветгодишно основно образование, освенвоведувањето наодределенипредмети восклопназадолжителните и изборните предмети, посебно се определени одреден број наставни часови за одделенска заедница како и за додатна и дополнителна настава и тоа почнувајќи од второ одделение. Посебен акцент е ставен на: осовременување на наставата и учењето преку промена на училничката атмосфера; зајакнување на ученичката интеракција; поголема вклученост и одговорност на учениците за сопственото учење и развој; учество на учениците во одредени прашања од заеднички интерес, инклузија и образовна партиципација на учениците со посебни образовни потреби; како и учество на учениците во ученичките заедници и органи; оспособување за донесување на одлуки и заземање на ставови; стекнување на потребни вештини за работа и комуникација со други, итн.

Во Концепцијата за деветгодишно воспитание и образование (2007) во низа области се предвидени прашања поврзани со партиципативноста на учениците и тоа во делот за принципите за основно воспитание и образование, поточно *принципот на активно учество на учениците во животот на училиштето,* односно „Училиштето ќе овозможи активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира: а) обезбедување атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење и б) градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат соодветно влијаниеврзодлукитеислучувањатавоучилиштето. Овојпринципгосодржиправото на секое дете да бара, да прима и дава информации, да учествува во процесите на одлучување и да се здружува со другите деца заради посоодветно формулирање и манифестирање на своите потреби и интереси" (стр.71-72). Исто така во *принципот за автономност, компетентност и одговорност* се наведува дека „...Ученикот има право на изразување и слобода да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови било усно или писмено" (стр.75). Во *принципот на парнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина* се опфатени три компоненти и тоа

обврските на училиштето кон родителите; потоа партиципативноста на родителите и отворање можности на родителите и локалната средина во однос на работата на училиштето, меѓу кои се наведува дека „...Притоа, неопходно е да се користат демократски методи кои придонесуваат за проактивен и одговорен живот на учениците, критичко расудување за вредностите и подготвеност за дијалог, комуницирање и разбирање“ (стр.75-76). Во наведената Концепција за деветгодишно воспитание и образование, исто така, се предвидени и други аспекти кои повеќе или помалку ја покриваат областа на партиципативноста на учениците, како што е делот на оценување на знаењата и напредувањето на учениците, потоа школување на ученици со посебни потреби, вонаставни активности, компетенции, права и одговорности (меѓу кои и на учениците) и слично.

Во Законот за основно образование (Службен весник бр.14/2014) како и во останатите подзаконски акти и правилници наменети за основното образование, се регулирани низа аспекти од подрачјето на партиципативноста на учениците, водејќи грижа за нивниот правилен развој и учење, почитување на индивидуалните разлики, потреби и можности, вклученост и партнерски однос кон сопственото воспитание и образование, итн, што е показател за посериозен пристап кон унапредување на партиципативноста на учениците во основното образование.

При разгледување на наведените донесени документи, акти, програми, концепции кои ја регулираат дејноста на основното образование, како и досегашните реформи и иновации, во однос на партиципативноста на учениците се укажува на: постоење на еден квалитетен премин без оглед на обемноста и сеопфатноста; трагање по решенија од различно ниво и содржина, како и потреба од изградување на сопствена рамка и концепт за партиципативност на учениците.

**Резиме**

Партиципативноста на учениците во основното образование е прашање кое претпоставува постојан процес на активно вклучување на сите релевантни лица, обезбедување на добри, квалитетни практики на партиципативност кои ќе бидат разновидни, сеопфатни, постојани во секојдневието на учениците во и вон училиштето. Во таа насока важно е иницирање на директна партиципативност и активно учество на учениците, без разлика на нивната возраст, негување и поддржување на транспарентност, јасна комуникација, емпатичност и разбирање, почитување на индивидуалните потреби, можности, разлики, давање на еднаков „глас“ на сите партнери (ученици, наставен кадар, родители, итн.), како и воспоставување на механизми за мониторинг и евалуација и слично.

За развивање на партиципативноста на учениците во рамките на нивното деветгодишно основно образование, неминовно е воспоставување на воспитно-образовен концепт на самото основно училиште, кое меѓу другото ќе налага и учество и работа на училиштето во насока на развој, придонес и поддршка на процесот на градење и воспоставување на практика за вистинска партиципативност на учениците од основнообразовна возраст.

## Користена литература

1. Day, C., Sammons, P., Stobart, G., Kingston, A., and Gu, Q. (2007). *Teachers Matter: Connecting Lives, Work and Effectiveness*. England: Open University Press.
2. Eriksson, L., and Granlund, M. (2004). Conceptions of Participation in Students with Disabilities and Persons in their Close Environment. *Journal of Developmental and Physicaldisabilities,* 16, 229-245.
3. Закон за основно образование (Сл. весник на Р.М. бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013и 14/2014), Скопје ,Службен весник на Р.Македонија.
4. Huddleston, T. (2007) *From Student Voice to Shared Responsibility: Effective Practice in Democratic School Governance in European Schools.* London: Citizenship Foundation.
5. Hickey, S., and Mohan, G. (eds) (2004) *Participation: From Tyranny to Transformation?* London: Zed Books.
6. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Биро за развој на образованието. Скопје, „Кома".
7. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи (2005). Министерство за образование и наука, Скопје, „Кома лаб".
8. Наставни програми за деветгодишно основно образование (2007 до 2013/2014). Биро за развој на образованието на Р.Македонија, Скопје, Европа-Кочани, „Киро Дандаро"-Битола.
9. O'Kane, C. (2000) 'Development of participatory techniques'. In P. Christensen and A. James (eds), *Research with Children: Perspectives and Practices*. London: Falmer Press.
10. Qvortrup, J. (1991) 'Childhood as a social phenomenon: an introduction to a series of national reports', *Eurosocial Report*, 36. Vienna: European Centre.
11. Whitty, G., and Wisby, E. (2007) *Real Decision Making: School Councils in Action*.
12. Nottingham: Department for Children, Schools and Families.
13. Trafford, B. (2008): "Democratic Schools: Towards a Definition." *The SAGE Handbook of Education for Citizenship and Democracy.* Ed.James Arthur (411-24). Thousand Oaks, CA: SAGE.